**КОН ЕВРОПСКО ПОДРАЧЈЕ НА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Коминике од состанокот на Европските Министри одговорни за високо образование во Прага на 19ти мај 2001**

Две години по потпишувањето на Болоњската Декларација и три години по Сорбонската Декларација, Европските Министри одговорни за високо образование, претставувајќи 32 потписници, се состанаа во Прага со цел да го ревидираат постигнатиот прогрес и да постават насоки и приоритети за претстојните години на процесот. Министрите повторно ги потврдија нивните обврски за основање на Европско подрачје за Високо Образование до 2010 година. Изборот на Прага да го одржи овој состанок е симбол на нивната волја да ја ангажираат цела Европа во процесот за проширување на Европската Унија.

Министрите го поздравија и ревидираа извештајот "Продолжение на Болоњскиот Процес" наложени од проследователна група и забележаа дека целите поставени во Болоњската декларација се широко прифатени и се основа за развојот на високото образование на повеќето потписници како и од универзитетите и други високо образовни институции. Министрите потврдија  дека напорите за промовирање на мобилност мора да бидат продолжени за да им се овозможи на студентите, наставниците, истражувачите и административниот персонал да извлечат полза од богатството на Европско Подрачје на Високо Образование вклучувајќи ги демократските вредности, разновидноста на културите и јазиците и разновидноста на високо образовните системи.

Министрите се осврнаа на Конвенцијата на Европски високи образовни институции одржана во Саламанка на 29-30 март и препораките од Конвенцијата на Европските Студенти одржана во Гетебург на 24-25 март и го искажаа уважување за активното учество на Европската Асоцијација на Унивезитети (EUA) и Националната Унија на Студентите во Европа(ESIB) во Болоњскиот процес. Тие понатака укажаа на и искажаа уважување за многу други иницијативи за дополнување на процесот. Министрите исто така се осврнаа и на конструктивната помош на Европската Комисија.

Министрите утврдија дека активностите препорачани во Декларацијата што се однесуваат на структурите на дипломите се нашироко разработени во повеќето земји. Тие искажаа особено уважување на тоа како напредуваат работите поврзани со обезбедувањето квалитет. Министрите ја потврдија потребата за соработка за да се справаат со предизвиците кои што произлегуваат од транснационалното образование. Тие исто така ја потврдуваат потребата за аспектот на доживотно учење во образованието.

## ПОНАТАМОШНИ ДЕЈСТВИЈА КОИ СЛЕДАТ ПО ШЕСТЕ ЦЕЛИ НА БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС

Како што е поставено во Болоњската декларација, Министрите утврдија дека градењето на Европско Подрачје за Високо Образование е услов за засилување на привлечноста и конкуретноста на високо образовните институции во Европа. Тие ја подржаа идејата дека високото образование треба да се смета за јавно добро, тоа е, а и  ќе остане јавна одговорност ( регулатива и др.) и дека студентите се вистински членови во високо образовната заедница. Од таа гледна точка министрите ги дадоа следнива забелешки за понатамошниот процес:

**Усвојување на систем за лесно читливи и споредливи дипломи (степени на образование)**

Министрите потполно ги охрабрија универзитетите и другите високо образовни институции да во целост да го искористат постоечкото национално законодавство и Европските инструменти за овозможување на академско и професионално признавање на студиските програми, дипломите и другите признанија за граѓаните да можат ефективно да ги користат нивните квалификации, компентентност и вештини во целото Европско подрачје на високо образование.
Министрите се повикаа на постоечките организации и мрежи како што е NARIC и ENIC за промовирање на институционално, национално и Европско ниво, едноставно, ефикасно и коректно признавање со што се одразува дадената разновидност на квалификациите.

**Усвојување на систем кој се заснива на два главни циклуса**

Министрите со задоволство забележаа дека се опфатени и разгледани целите на една структура на дипломи која се заснива на два главни циклуса, а која го артикулира високото образование во додипломски и дипломски студии. Некои земји веќе ја имаат усвоено оваа структура и неколку други ја разгледуваат со голем интерес. Вежно е да се нагласи дека во многу земји додипломските и дипломските степени, или соодветните степени од два циклуса, може да се добијат на универзитетите, како и на други високо образовни институции. Програмите кои што водат кон здобивање со диплома може, а навистина и треба да имаат различни ориентации и различни профили со цел да биде прифатена разновидноста на индивидуални, академски потреби и потребите за работниот пазар како што е заклучено на Хелсиншкиот семинар за диплома на завршен степен на додипломски студии (Февруари 2001 година).

**Поставување на систем на кредити**
Министрите нагласија дека за поголема флексибилност во процесите на учење и квалификации, усвојувањето на познатите камен темелници на квалификации, потпомогнати од систем на кредити како што е ЕКТС или е ЕКТС-компатибилен, дава функција и за преносливост и за акумулирање на кредити. Заедно со взаемно признатите системи за обезбедување на квалитет, ваквите договори ќе овозможат пристап на студентите на Европскиот пазар на трудот и ќе ја подобрат компатибилноста, привлечноста и конкуретноста на Европското високо образование. Општата употреба на ваквиот систем на кредити и Додатокот (дополнување) на Дипломата ќе овозможат напредок во ова насока.

**Промоција на мобилноста**
Министрите повторно подвлекоа дека целта на подобрување на мобилноста на студенти, наставници, истражувачи и административен персонал утврдена во Болоњската Декларација е од огромна важност. Од тие причини тие ја потврдија нивната заложба за отстранување на пречките за слободно движење на студенти, наставници, истражувачи и административен персонал и ја нагласија социјалната димензија на мобилноста. Тие укажаа на можностите за мобилност понудени од програмите на Европската заедница и напредокот постигнат на ова поле, пр. во покренување на Акциониот План за Мобилност потпишан од Европскиот Совет во Ница во 2000 година.

**Промоција на Европска кооперација на обезбедување на квалитет**

Министрите ја прифатија виталната улога што ја играат системите за обезбедување на квалитет во обезбедување стандарди за висок квалитет и овозможување компарабилност на квалификациите низ Европа. Тие исто така ја охрабрија блиската соработка помеѓу мрежите за признавање и обезбедување квалитет. Тие ја нагласија нужноста од тесна Европска соработка и взаемна доверба и прифаќање на национални системи за обезбедување на квалитет. Понатаму, тие ги охрабрија универзитетите и другите високо образовни институции да споделат примери за најдобра пракса и изготвување сценарија за взаемно прифаќање на механизмите за евалуација и акредитација/сертификација. Министрите ги повикаа универзитетите и други високо образовни институции, национални агенции и Европската Мрежа за Обезбедување на Квалитет во Високото Обазование (ENQA), во соработка со соодветните тела од земјите кои што не се членови на ENQA, за соработка во основање на заедничка рамка на упатства и споделување на примери за најдобра пракса.

**Афирмирање на Европски димензии во високото образование**
Со цел да се зајакнат важните Европски димензии во високото образование и можноста за вработување на дипломирани кадри, министрите го повикаа високо образовниот сектор да го зголеми развојот на модули, курсеви и наставни планови на сите нивоа со "Европска" содржина, ориентација или организација. Ова се однесува особено на модулите, курсевите и наставните програми кои водат до факултетска диплома понудени во партнерсто од страна на институции од различни земји и до призната заедничка диплома.

**ПОНАТАМУ МИНИСТРИТЕ ГИ НАГЛАСИЈА СЛЕДНИВЕ ТОЧКИ:**

**Доживотно учење**
Доживотното учење е неопходен елемент во Европското подрачје на високото образование. Во идната Европа, изградена врз општество кое што се заснива на знаење и економија, стратегиите за доживотно учење се неопходни за соочување со предизвиците на конкурентноста и употребата на нови технологии и за подобрување на социјалната кохезија, еднаквите можности и квалитетот на животот.

**Високо образовни институции и студенти**
Министрите нагласија дека инволвирањето на универзитетите и други високо образовни институции и студенти како компетентни, активни и конструктивни партнери во основање и оформување на Европско подрачје за високо образование е потребно и добредојдено. Институциите ја покажаа важноста за креирање на компатибилно и ефикасно, но сепак разновидно и прилагодливо Европско подрачје на високо образование. Министрите исти така назначија дека квалитетот е основниот предуслов за доверба, релевантност, мобилност, компатибилност и привлечност во Европското подрачје на високо образование. Министрите изразија уважување на придонесот кон развивање студиски програми кои што го соединуваат академскиот квалитет и релевантноста за трајното вработување и побараа континуирана проактивна улога на високо образовните институции.
Министрите потврдија дека студентите треба да учествуваат и да влијаат во организирањето и содржината на образованието во универзитетите и другите високо образовни институции. Министрите повторно ја потврдија потребата, на која повикуваат студентите, да се земе предвид социјалната димензија во Болоњскиот процес.
**Афирмирање на атрактивноста на Европското подрачје на високо образование**
Министрите се договорија за важноста за зголемување на атрактивноста на Европското високо образонавние на студентите од Европа и други делови од светот. Читливоста и

споредливоста на дипломите на Европско високо образование ширум светот треба да бидат подобрени со развојот на заедничка рамка на квалификација, како и кохерентно обезбедување на квалитет и механизми за акредитација/сертификација и со зголемени информативни зафати. Министрите особено нагласија дека квалитетот на високото образование и истражување е, и треба да биде важен показател меѓународната привлечност и конкуретност на Европа. Министрите се договорија дека поголемо внимание треба да се посвети на придобивката на Европското подрачје за високо образование со институции и програми со различни профили. Тие побараа зголемена соработка помеѓу Европските земји во поглед на можните импликации и аспекти во транснационално образование.

## КОНТИНУИРАНИ ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

Министрите се обврзаа да ја продолжат соработката врз основа на цели кои што се поставени во Болоњската декларација, со надградба врз сличностите и извлекување полза од разликите помеѓу културите, јазиците и националните системи, и со исползување на сите можности за меѓувладина соработка и на тековниот дијалог со Европските универзитети и други високо образовни институции и студенски организации, како и на програми на Европската заедница.

Министрите им изразија добредојде на новите членови за нивното вклучување во Болоњскиот процес според барањата поднесени од министрите кои ги претставуваат земјите за кои се отворени програмите на Европската заедница како што се Сократ и Леонардо де Винчи или Темпус-Кард. Тие ги одобрија барањата на Хрватска, Кипар, и Турција.

Министрите одлучија дека наредниот последоватлен состанок ќе се одржи во втората половина на 2003 година во Берлин за да го ревидираат напредокот и поставените насоки и приоритети за следните фази на процесот кон Европско подрачје на високо образование. Тие ја потврдија потребата за последователна работа, која што се состои од последователна група и подготвителна група. Последователната група ќе биде составена од претставници на сите потписници, нови учесници и од Европската Комисија и треба да биде управувана од тогашното претседателствување на ЕУ. Подготвителната група треба да се состои од претставници од земјите домаќини на претходните и наредните министерски состаноци, две земји членки на ЕУ и две земји кои не се членки ЕУ; последниве четири претставници ќе бидат избрани од последователната група. Тогашниот претседавач на ЕУ и Европската Комисија исто така ќе бидат дел од подготвителната група. Со Подготвителната група ќе претседава претставник на земјата домаќин на наредниот министерски состанок.

Европската Универзитетска Асоцијација, Европската Асоцијација на високо образовни институции (EURASHE), Националната Унија на Студенти во Европа и Советот на Европа треба да бидат консултирани на последователна работа.
Со цел да се потикне процесот, Министрите ја охрабрија последователната група да организира семинари за истражување на следниве области: Соработка која што вклучува акредитација и обезбедување на квалитет, признавање и употреба на кредити во Болоњскиот процес, развој на заеднички дипломи, социјална димензија со посебно внимание на пречките на мобилноста, и на проширување на Болоњскиот процес, доживотно учење и вклучување на студентите.